МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 8 ставови 10, 11 и 12, член 9 став 2, член 14 став 2, член 16 став 3, член 17 став 3, член 18 став 5 и член 20 став 3 од Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија („Службен весник на Република Македонија" бр. 39/06, 89/08, 171/10, 53/11, 69/13, 187/13 и 43/14), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ТРГОВИЈА СО СЕМЕНСКИ МАТЕРИЈАЛ ОД ГРАДИНАРСКИ РАСТЕНИЈА

**Член 1**

Во Правилник за трговија со семенски материјал од градинарски растенија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/07), Прилозите 5 и 8 се заменуваат со нови Прилози 5 и 8 кои се составен дел на овој правилник.

**Член 2**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 18-145/1 | Министер за земјоделство,

27 март 2014 година | шумарство и водостопанство,

Скопје | Љупчо Димовски, с.р.

**Прилог 5**
**Образец 1**

**ДО**

**Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство**
**- Управа за семе и саден материјал**

**- Овластено правно лице**

**ПРИЈАВА бр. ____**
**За вршење стручна контрола на семенски посеви од градинарски растенија**

1. Снабдувач:__________________________________________________________
име фирма

2. Адреса:____________________________________________________________

3. Матичен број (ЕМБ) ____________________________ Регистарски број __________

Тел. _______________Факс __________________ E-mail___________________________

4. Место на производството: ________________________________________________

5. Вид ____________ Сорта/хибрид ________________ Категорија ________________

6. Површина _____(ha) Парцела број ________ Катастарска парцела _______ м.в. _____

7. Предкултура на посевот____________________________________________________

8. Потекло на употребеното семе (Сертификат број) ______________________________

9. Дата на сеидба ____________________________________________________________

10. Количество на посеано семе _______________________________________________

Дата: ________________________ Пријавил:

Место: ________________________ ________________________
(Име и презиме)

м.п.*

***За трговски друштва не е задолжителна употреба на официјалниот печат согласно Законот за трговските друштва**

**Прилог 8**
**Образец 4**

# П Р И Ј А В А  Б Р.

**за земање мостри и за испитување на квалитетот**
**на семе од градинарски растенија**

1. Снабдувач: лично име и адреса и единствен регистарски број

2. Органот на кој се поднесува пријавата_____________________________

3.Вид____________________________________________________________

4.Сорта___________________________________________________________

5.Категорија______________________________________________________

6. Година на производство и потекло на семето (за семе од увоз)__________

7. Податоци на партија семе што се пријавува:

| Број на партија | Големина на партијата кд | Број на пакувања | Маса на едно пакување | Забелешки и други податоци од значење за земањето мостри и испитувањето на семето |
|---|---|---|---|---|

8. Посебни - дополнителни барања за некои испитувања или за избор на метода за испитување________________________________________________________________

9. Место, поблиска локација, вид на амбалажата и начинот на складирање на партијата семе што се пријавува_____________________________________________________

Датум на поднесување на пријавата  ( м.п.*)  Пријавил:

_________________________________  ____________

(име и презиме)

*** За трговски друштва не е задолжителна употреба на официјалниот печат согласно Законот за трговските друштва**